МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА



# СЕКТОР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Министерството за труд и социјална политика изразува благодарност до Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) за техничката и финансиската поддршка при изработката на оваа публикација.

# КОИ СМЕ НИЕ



Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика е формиран во 2007 година и во него функционираат Одделенијата за родова рамноправност и Одделението за превенција и заштита од секаков вид на насилство и дискриминација. Формирањето на Секторот значи подигнување на статусот и мандатот на Одделението за унапредување на половата рамноправност, кое беше основано во 1997 година со одлука на Владата на Република Македонија.

## ЗОШТО ПОСТОИМЕ

Секторот за еднакви можности се грижи за унапредување на статусот на жените во сите области на општественото живеење и воспсотавување на еднави можности за жените и мажите, на национално и локално ниво. Овие надлежности Секторот ги реализира преку соработка со надлежните институции во државата, како и во соработка со граѓанскиот сектор и со социјалните партнери. Исто така Секторот е одговорен за спроведување на позитивната законска регулатива во Република Македонија, Законот за еднакви можности на жените и мажите и  Националниот план за акција за родова рамноправност. Превенцијата и заштитата од секаков вид на насилство и дискриминација претставуваат дел од активностите на  Секторот.

## ШТО РАБОТЕВМЕ ДОСЕГА

- Во 1999 година Владата го усвои Националниот план за акција за полова рамноправност.
- Во 2005 година е формиран Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе.
- Во 2006 година е донесен Законот за еднакви можности на жените и мажите, со што започна процесот на формирање механизми за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите на централно и локално ниво.
- Направени се и измени во изборните закони, преку кои се овозможи зголемување на бројот на жените застапени во Парламентот и во советите во Единиците на локалната самоуправа.
- Донесен е вториот Национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012.
- Формирана е Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Македонија.



- Именувани се координатори за еднакви можности на жените и мажите во министерствата и во локалните самоуправи.
- Изработена е Програма за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе
- Унапредена е законската регулатива за заштита на жртвите од трговија со луѓе
- Во 2003 година Македонија беше домаќин на Европската министерската конференција на Советот на Европа за родова рамноправност на тема „Улогата на жените во превенција на мирот и мирно разрешување на конфликти“
- Во септември 2007 година во Скопје се одржа Регионален семинар во рамките на кампањата на Советот на Европа за превенција и заштита од насилство врз жените  вклучувајќи го и семејното насилство.
- Од 2007 година досега Секторот реализира повеќе проекти, обуки и семинари за родова рамноправност, заштита од дискриминација и борба против трговијата со луѓе.

# ПРАВЕН ЗАСТАПНИК

Согласно со член 23 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, од декември 2009 година во Секторот вработен е правен застапник за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите .Согласно одредбите од Законот,застапникот  ќе соработува со надлежните субјекти (инспекциските органи, народниот правобранител или друг надлежен орган).

## МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ

- Универзална декларација за човекови права
- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација не жените
- Европската конвенција за човекови права
- Конвенција за борба против трговија со луѓе и транснационален организиран криминал и Протоколо од Палермо
- Европската конвенција на Совет на Европа за борба против трговија со луѓе



# “РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС: РОДОВО СЕНЗИТИВНО ОБРАЗОВАНИЕ “




Во 2008 година Секторот за родова рамноправност во соработка со Министерството за образование и наука ја реализираше Програмата родово сензитивно образование наменета за наставниот кадар од основните училишта од прво до петто одделение.

Целта на оваа програма беше преку обуки да се овозможи стекнување вештини и знаења на наставниот кадар од основното образование за појдовните концепти на родовиот развој и инкорпорирање на родовиот концепт во наставните програми и планови.

Со Програмата беа опфатени сите основни училишта во Република Македонија. Реализирани беа 15 обуки на кои учествуваа 330 одделенски наставници.

## Устав на Република Македонија

член 9

Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба.

Фотграфија – мажи жени насмеани ликови

Еднаквоста меѓу жените и мажите се смета за прашање на човекови права и предуслов и индикатор за одржлив развој на човекот во целина.



# ДЕКЛАРАЦИЈА ДА ЈА НАПРАВИМЕ РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ РЕАЛНОСТ

*(Усвоено од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа 12 мај 2009 година, на 119та седница -Мадрид)*

...Потсетувајќи се дека родовата еднаквост значи подеднаква видливост, еманципирање, одговорност и учество и на жените и на мажите во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Родовата еднаквост е спротивност на родовата разлика;

Потсетувајќи се дека политиките би требало да бидат родово сензитивни и дека тие би требало да ја имаат предвид социјалната реалност на која се однесуваат, имајќи во вид дека општеството е составено од жени и мажи кои можат да имаат различни потреби...

# ПОДДРШКА НА КОМИСИИТЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика во соработка со канцеларијата на УНДП реализира проект поврзан со родовиот концепт во локалните политики. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на комисиите за еднакви можности за жените и мажите при советите на единиците на локалната самоуправа, како клучен елемент кој придонесува кон остварување на политиката за родова рамноправност на локално ниво. Преку обезбедување техничка помош и обука за машинеријата за родова рамноправност на локално ниво, ќе се придонесе за натамошно разјаснување и спроведување во пракса на надлежностите на овие комисии, ќе се зајакне нивниот капацитет и авторитет за ефикасна и ефективна координација на политиките за родова рамноправност.

Се очекува, проектот да го подобри разбирањето и спроведувањето во пракса на концептите на родова рамноправност и на родов „мејнстриминг“ (внесување на родовата рамноправност во главните општествени текови) во изготвувањето на локалните политики.

Со проектот се опфатени сите општини во Република Македонија. Предвидени се обуки за сите координатори за еднакви можности, како и за членовите односно советниците од комисиите за еднакви можности на жените и на мажите и на заинтересираните страни за изготвување акциски планови за родова рамноправност за секоја локална самоуправа. Исто така, фокусот ќе биде насочен кон изработка на интернет портал за родов „мејнстриминг“ како алатка за мрежна соработка и на хоризонтално и на вертикално ниво и



размена на искуства помеѓу Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, единиците на локалната самоуправа и комисиите за еднакви можности за жените и мажите при локалните самоуправи.

Внесувањето на родовиот концепт во работата на локалната самоуправа, претставува имплементирање, пред се, на Законот за еднакви можности на жените и мажите и Националниот акциски план за родовата рамноправност, од страна на сите субјекти задолжени за промовирањето и унапредувањето на родовата рамноправност на локално и национално ниво.

# РОДОВО СЕНЗИТИВНО БУЏЕТИРАЊЕ



Алатката „Родово буџетирање“ е еден од практичните примери за постигнување на родовата рамноправност, а Република Македонија е прва држава во регионот која спроведува активности поврзани со оваа проблематика на национално ниво. Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика реализира едногодишна програма насочена кон справување со сиромаштијата и невработеноста преку родова анализа на буџетските политики, поддржана од УНИФЕМ и Австриската агенција за развој.

Прашањето на рамноправноста и вклучувањето на родовите перспективи во главните текови не е прашање единствено на социјалната правда, туку е исклучително значајно прашање во справувањето со сиромаштијата и со невработеноста, обезбедувањето на еднакви можности и квалитетен живот за сите. Од тие причини неопходно е да се препознае дека постигнувањето на поголема родова еднаквост и справување со постојаните нееднаквости многу често значи да се работи различно со жените и мажите, да се препознаат различните пречки со кои тие се соочуваат, но и различните потреби, приоритети и аспирации.

# ОБУКА ЗА ВНЕСУВАЊЕ НА РОДОВИОТ КОНЦЕПТ ВО РАБОТАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ, ПОЛИЦИЈАТА И ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ



Внесувањето на родовиот концепт во работата на социјалните работници, полицијата и здравствените работници и родово сензибилизирање на овие стручни служби е потенцирано во многу извештаи и препораки од домашни и странски институции и организации (препораките добиени по одбраната на CEDAW Комитетот при ООН).

Проблемите што овие стручни служби ги третираат се непосредно во корелација со унапредувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите.

Преку обуките учесниците се здобија со знаења и информации за концептот на Род и развој (Gender and Development), вклучувањето на родовата перспектива во главните општествени текови (Gender mainstreaming), информации за постоечката меѓународна и домашна правна регулатива, со цел стекнување на сознанија за начините на вклучување на родовата перспектива во сите иницијативи на заедниците, земајќи ги предвид различните потреби на мажите и жените.

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе е најтежок облик на кршење на човековите права. Секоја година илјадници мажи, жени и деца се жртви на трговците со луѓе во сопствените земји или надвор од нив. Речиси во секоја земја од светот има трговија со луѓе. Овој феномен има силно негативно влијание особено врз државите кои се во процес на политичка и економска транзиција или во постконфликтен период.

Една од задачите на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика е борбата против трговијата со луѓе. Превенцијата и заштитата на жртвите на трговијата со жени и деца е четврттата стратегиска цел во „Жените и насилството“ – седмата Стратешка област за делување од „Националниот акциски план за родова еднаквост 2007-2012 година“.

Во согласност со интересите и напорите за заеднички активности насочени кон искоренување на трговијата со луѓе и реализација на Националната програма за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) ги интензивираше, надгради и прошири мерките и активностите за превенција и заштита на жртвите на трговијата со луѓе, особено на жените и децата.

Во Секторот за еднакви можности при Министерството во 2005 година беше формиран Национален механизам за упатување (НМУ) на жртвите на трговијата со луѓе. Главната цел на овој механизам е да ја зајакне способноста на државата за обезбедување соодветна идентификација, помош и заштита – врз основа на меѓународните стандарди за човекови права – на сите жртви на трговија со луѓе, особено на малолетниците, без оглед на нивното државјанство, етничка припадност, возраст или пол. Од особена важност за брбата против трговијата со луѓе е соработката и координацијата помеѓу владините институции и невладините организации кои се занимаваат со овој проблем.

Во последните две години Република Македонија е оценета со највисока

оценка од страна на американскиот Стејт департмент како земја што ги исполнува стандардите во борбата против трговијата со луѓе.

НМУ постојано го подобрува постоечкиот процес на идентификација на жртвите на трговија со луѓе, преку поврзување на сите релевантни партнери со цел да се обезбеди систем на упатување на жртвите без недостатоци и празнини.

Главни партнери во борбата против трговијата со луѓе се Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција (вклучувајќи ја и Подгрупата за борба против трговијата со деца), Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, центрите за социјална работа, Јавното обвинителство, локалните институции, неформалната мрежа на невладини организации за борба против трговијата со луѓе и Сојузот на организации на социјални работници во Република Македонија.

## ЕДНОСТАВНО Е...



Министерството за труд и социјална политика, преку канцеларијата на НМУ со поддршка на ОБСЕ реализираше медиумска кампања за подигање на јавната свест за ризиците и опасностите од трговијата со луѓе под мотото „**Едноставно е** ... „

Во фокусот на оваа кампања, беа сите граѓани со особен акцент на младите, ранливите групи како самохраните мајки, жртвите на семејно насилство и материјално необезбедени лица, и руралните средини.

Кампањата опфати изготвување и дистрибуција на принтан материјал, постери, лифлети, маици, налепници и календари. Поставени се налепници во кафеаните и баровите со предупредувачка содржина. Беше изготвен телевизиски спот што се прикажуваше на националните и локалните ТВ станици.

# ОБУКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ОБУКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ



Со цел подигање на капацитетите на трудовите инспектори и социјалните работници за идентификација на трговија со луѓе со цел за трудова експлоатација, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Државниот трудов инспекторат и Мисијата на ОБСЕ во Скопје реализираат сеопфатна обука за техники на идентификација на случаи на трговија со луѓе со цел за трудова експлоатација.

Во изминатите години се реазлизираа серија обуки, семинари и други активности се со цел зголемување на јавната свест на граѓаните во борбата против трговијата со луѓе.

# ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Анализата на состојбите поврзани со антидискриминација во Македонија, покажаа неопходност од донесување на посебен закон за заштита од дискриминација

Секторот за еднакви можности  во 2008 година во насока на изработка на Закон за превенција и заштита од дискриминација по основ на пол, сексуална ориентација, возраст, етничка припадност, раса, лица со инвалидитет и двојна дискриминација, започна активности за промовирање на европските стандарди за почитување на правата и заштита на правата на лицата кои се потенцијални жртви на дискриминација по горе наведените основи. За таа цел беа реализирани јавни дебати на локално ниво.




Креира политики за еднакви можности, предвидува еднакво учество на жените и мажите во составот на неговите работни тела и делегации, консултативни, координативни и други тела
Парламентот го усвојува Националниот план за акција за еднакви можности за жените и мажите и одлучува за составот и надлежностите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.
Комисијата го следи инкорпорирањето на аспектите на родовата рамноправност во законската регулатива.
Влада на РМ
Парламент на РМ
Комисија за еднакви можности на жените и мажите
Министерство за труд и социјална политика
Сектор за еднакви можности
Се грижи за унапредување на статусот на жените и мажите во сите области на општественото живеење, на национално, локално и меѓународно ниво,обезбедува внатрешно секторска и меѓусекторска соработка, како и соработка со граѓанскиот сектор и со социјалните партнери, се грижи за спроведување на законот, Националниот план за акција за родова еднаквост и други мерки и препораки, ја координира работата и врши мониторинг на имплементацијата на политики, мерки и активности
Министерства при Владата на РМ
Координатори за еднакви можности на жените и мажите
Единици на локалната самоуправа
КЕМ
Координатори за еднакви можности на жените и мажите
Секое министерство има назначен координатор, кој ги координира активностите на Министерството за инкорпорирање на родовата перспектива во сите политики и програми во рамките на соодветните Министерството и соработува со Министерството за труд и социјална политика.
Единиците на локалната самоуправа се должни да формираат комисија, како постојан орган со одлука на Советот.
Комисиите работат на унапредување на положбата на жените и мажите на локално ниво, преку процесот на креирање и донесување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.
Координаторите се државни службеници кои ја поддржуваат работата на Комисиите



МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**Министерство за труд и социјална политика**
Сектор за еднакви можности
Даме Груев број 14, 1000 Скопје
Тел/факс 02/3129308
www.mtsp.gov.mk



МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**Министерство за труд и социјална политика**
**Сектор за еднакви можности**
Даме Груев број 14, 1000 Скопје
Тел/факс 02/3129308
www.mtsp.gov.mk